ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
СКОПСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

# ПОЛИТИКА НА НУЛТА ТОЛЕРАНЦИЈА ЗА ИЗМАМА

## 1. Вовед

Центарот за развој на Скопскиот плански регион е посветен на одржување на високи правни, етички и морални стандарди, почитување на принципите на интегритет, објективност и непристрасност.

Целта на оваа политика е да се промовира култура на спречување на измамничко однесување и да се олесни спречувањето и откривањето на измами и изготвувањето на процедури со кои ќе се придонесе со истрагите на измами и поврзани кривични дела да се обезбеди навремено и правилно решавање на таквите случаи.

## 2. Подрачје на примена

Од сите вработени во Центарот за развој на Скопскиот плански регион се очекува подеднаква посветеност на посветеноста на нулта толеранција за измама

Во рамките на Центарот за развој на Скопскиот плански регион општата одговорност за управување со ризикот од измама и корупција е пренесена на Одделението имплементација на проекти и меѓународна соработка, кое е надлежно за:

- редовно преиспитување на ризикот од измама со помош на тим за проценка на ризикот,
- воспоставување на ефикасна политика за борба против измама и план за одговори на измамата,
- обезбедување на свесност на вработените за измама и давање обука,
- обезбедување дека Центарот за развој на Скопскиот плански регион веднаш по нивното појавување ги препраќа истрагите до надлежните истражни тела.

Раководителите на процесите во Центарот за развој на Скопскиот плански регион се одговорни за секојдневно управување со ризикот од измама и акционите планови во согласност со процената на ризикот од измама, а особено за следното:

- обезбедување дека во областа од нивна надлежност постои соодветен систем на внатрешна контрола,
- спречување и откривање на измама,
- обезбедување на темелна анализа и примена на заштитни мерки во случај на сомневање за измама,
- преземање на корективни мерки, вклучувајќи и административни казни, ако е применливо.

## 3. Принципи

Центарот за развој на Скопскиот плански регион спроведува политика на нулта толеранција за измама и корупција и има воспоставено силен систем за контрола за спречување и откривање на измами, до најголем можен степен, како и за поправка на нивниот ефект, доколку се случат.

Измамата претставува обемен престап и вклучува кражба, корупција, затајување, подмитување, фалсификување, лажно претставување, заговор (тајно договарање), перење пари и прикривање на материјални факти.

Употребата на измама е со цел стекнување на лична корист за себе, поврзани лица или трета страна, или предизвикување загуба на некој друг. Измамата нема само можно финансиско влијание, туку може да предизвика штета на угледот на Центарот за развој на Скопскиот плански регион.

Корупцијата е злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

Судир на интерес постои кога непристрасното и објективно извршување на службените задачи на лицата е загрозено од причини, кои вклучуваат семејството, чувства, политичка или национална припадност, економски интерес или друг заеднички интерес (на пример, со подносителот на понуда/добувач или купувачот/корисникот на средствата на ЕУ).

Центарот за развој на Скопскиот плански регион со својот начин на работа се бори против измама и корупција.

## 4. Пријавување на злоуптреби

Центарот за развој на Скопскиот плански регион ги следи процедурите за пријавување на измама во рамките на институцијата и Европската канцеларија за борба против измама, согласно националната и меѓународната регулатива.

Сите пријави се решаваат во строга тајност и во согласност со Законот за заштита на укажувачите.

Вработените, кои пријавуваат неправилности или сомнежи за измами се заштитени од одмазда.

Центарот за развој на Скопскиот плански регион веднаш ги разгледува сите случаи за сомневање за измама или вистински настаната измама со цел подобување на системот на внатрешни контроли, ако е потребно.

## 5. Имплементација и ревидирање на Политиката на нулта толеранција за измама

Оваа Политика проактивно ќе се преиспитува и постојано ажурира со одобрување од страна на Советот за развој на Скопскиот плански регион.

Политиката на нулта толеранција за измама може да се ревидира во случај:

- да се воведат нови правила и принципи и/или значителни промени во легислативната и регулаторната рамка со која се уредува областа на нулта толеранција за измама, финансиско лошо управување и други форми на неправилна работа
- да се усвојат нови меѓународни најдобри практики поврзани со областа

Центарот за развој на Скопскиот плански регион ќе обезбеди соодветни и погодни ресурси за спроведување на овие политики и насоки и се обврзува на навремено информирање и објавување пред вработените и засегнатите страни.

Оваа Политика и сите поврзани постапки и стратегии се целосно поддржани од највисокото раководство и е одобрена од Советот за развој на Скопскиот плански регион.

Скопје, 14.12.2020 година

**Центар за развој на**
**Скопски плански регион,**
Раководител,
М-р Љупчо-Кец Мицковски,

(потпис)